# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**10.03.2020 год.** **Бр.IV**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени***
***на 48-та седница***
***на Советот на Општина Крушево***
***одржана на ден 09.03.2020 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 48-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 09.03.2020 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-407/1 од 10.03.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 48-та седница, одржана на 09.03.2020 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 44-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 30.12.2019 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-386/3 од 09.03.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 48-та седница, одржана на 09.03.2020 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 46-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 30.01.2020 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-386/4 од 09.03.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 48-та седница, одржана на 09.03.2020 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 47-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 12.02.2020 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-386/5 од 09.03.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 18 став 1 точка 3 и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.03.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на приоритет за имплементација на предлог-проектот „Авантуристички туризам: Искористување на потенцијалот за прекугранична соработка и економски развој“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет за имплементација на предлог проектот „Авантуристички туризам: Искористување на потенцијалот за прекугранична соработка и економски развој“.

**Член 2**

Општина Крушево го утврдува како приоритет проектот за имплементација на предлог проектот „Авантуристички туризам: Искористување на потенцијалот за прекугранична соработка и економски развој“ за да може да се аплицира во рамките на:

-Вториот повик за проектни предлози од Интерег ИПА програмата за прекугранична соработка Грција - Република Северна Македонија 2014/2020,
-Приоритетна оска 1: Развој и поддршка на локалната економија,
-Специфична цел според тематскиот приоритет на ИПА: Поттикнување на туризмот и културното и природното наследство.

**Член 3**

Предлог проектот од член 1 на оваа Одлука изнесува ќе се реализира со обезбедни финансиски средства, од кои 85 % ЕУ учество и 15 % национално кофинансирање (Министерство за локална самоуправа кај македонските партнери).

Предлог проектот е подготвен во партнерство помеѓу Општина Крушево, Finance Think – Скопје, Северна Македонија и КМОР Центар за социјална акција и иновации, Грција.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-386/6 од 09.03.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на Р.М.” бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и “Сл.весник на Р.С.М.” бр.275/19) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 09.03.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за давање Согласност на одлуката за измена и дополнуавње на Статутот на ЈП „Комуна” Крушево***

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на одлуката за измена и дополнуавање на Статутот на ЈП „Комуна” Крушево бр.02-20/5 од 24.01.2020 година, донесена од Управниот одбор.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-386/7 од 09.03.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4, 37 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 09.03.2020 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Годишниот Извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2019 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-386/8 од 09.03.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ." бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и „Сл.весник на Р.С.М" бр.244/19), член 27 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр. 61/02; 98/02; 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 09.03.2020 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

***за усвојување на годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2019 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-386/9 од 09.03.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, 11 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 39 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 09.03.2020 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

***за усвојување на завршен Извештај за извршениот попис за 2019 година***

1. **СЕ УСВОЈУВА** завршниот Извештај за извршениот попис на основните средства и опремата во Единицата на локална самоуправа-Крушево за 2019 година, од страна на пописната комисија, со сите документи за попис и пописен материјал.

2. Пописната комисија утврди дека основните средства, ситниот инвентар се во исправна состојба и на лице место.

Пописната комисија утврди дека има набавено нова опрема и ситен инвентар за што треба да се спроведе книговодствено книжење.

Утврдено е кои средства се за расход.

Општина Крушево има дадено опрема на реверс, констатирана во извештајот.

Извршен е попис и на паричните средства и на благајната и се утврди дека се слагаат со изводот од трезорот.

Извршен е попис и на побарувањата и обврските до 31.12.2019 година.

3. Пописната комисија утврди дека градежните објекти се во добра и употреблива состојба и се внесени на пописни листи.

Утврдена е состојба на ново изградени објекти во 2019 година и истите се внесени на пописна листа.

Комисијата утврди дека постојат инвестиции кои не се завршени и се во тек.

4. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-386/10 од 09.03.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 48-та седница на Советот на Општина Крушево ………………………………………… 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 44-та седница на Општина Крушево, одржана на 30.12.2019 година …………………………..1
3. Заклучок за усвојување на записникот од 46-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 30.01.2020 година……. 1
5. Заклучок за усвојување на записникот од 47-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 12.02.2020 година …….1

6. Одлука за утврдување на приоритет за имплементација на предлог-проектот "Авантуристички туризам: Искористување на потенцијалот за прекугранична соработка и економски развој" …………………………. 2
7. Решение за давање на Согласност на одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈП "Комуна" Крушево ………..2
8. Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за финансиското работење на Општина Крушево за 2019 година …………2
9. Заклучок за усвојување на годишната сметка на Буџетот на Општина Крушево за 2019 година ……………………………………3
10. Заклучок за усвојување на завршен Извештај за извршениот попис за 2019 година ………………………………………………….3

Редакциски одбор на Општина Крушево.